MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2008 Бр. Q-1091/0
Бр./Nr 12-5606/2
02-06-г./V. 2020

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава од --------- --------- од с. --------, ----------, на 30-та седница одржана на ден 21 мај 2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата бр. 12-5606/1 од 11.12.2019 година, доставена од подносителот --------- --------- од с. --------, ----------„ **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основа за надлежно постапување по предметот со број ј 12-5606 од 2019 година е оформен по известување/пријава бр. 12-5606/1 од 11.12.2019 година, за предметниот случај постапуваат други надлежни органи во РСМ.

Предметот со број 12-5606 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на Државната комисија, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-5606 од 2019 година е оформен по известување/пријава бр. 12-5606/1 од 11.12.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од подносител – --------- --------- од с. --------, ----------,.

Во пријавата се изнесени наводи за незадоволство од Државен управен инспекторат и Државен просветен инспекторат при нивното надлежно постапување по предмет за извршен инспекциски надзор над работењето на СУГС „---- ----- -------" Скопје, по основ на извршен избор на наставници во врска со објавен оглас за вработување, како и за незадоволство од донесено Решение од страна на Управниот суд на РСМ во врска поведен управен спор за конкретниот случај.

При разгледувањето на предметниот случај Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) ги зема во предвид предметните наводи и по извршените проверки утврдено е следното:

- Во конкретниот случај, се работи за постапка за вработување по оглас за ангажирање на наставници меѓу кои и за наставник по предметот - логика и предметот – психологија, во врска со кој од подносителот на пријавата, како поранешно вработен на определено време, било доставено барање со прилог потребната документација, за негово ангажирање како професор по педагогија и логика.

-Во предметната постапка, подносителот на пријавата, сметал дека му било повредено правото од работен однос, поради ангажирање на друго лице на работно место професор по логика со несоодветно образование , па случајот го пријавил пред надлежен орган. По неговото барање било постапено и бил

извршен вонреден инспекциски надзор во предметната гимназија а исто така од страна на Државниот просветен инспекторат бил извршен и контролен инспекциски надзор за да се утврди дали биле спроведени наредените мерки содржани во Решението од спроведениот вонреден надзор, по што бил донесен Заклучок од м. март 2015 година, со кој била запрена постапката по контролниот инспекциски надзор поради тоа што било констатирано дека од страна на директорот на СУГС било постапено и биле преземени мерки и дејствија и бил обезбеден наставник.

-Незадоволен од исходот од постапувањето на Државниот просветен инспекторат од страна на подносителот на пријавата, како засегната страна во конкретниот случај, биле доставени барања за надлежни постапувања до неколку институции во РСМ, односно од страна на подносителот на пријавата биле искористени дадените правни лекови во постапката и од негова страна било побарано постапување од соодветни надлежни органи (*Државен просветен инспекторат, Државен инспекторат за труд, Државната комисија за одлучување во втор степен во област на инспекцискиот надзор и прекршочна постапка)*, кои постапиле по неговите барања и донеле акти од своето надлежно постапување во конкретниот случај.

- Незадоволен и од постапувањето на институциите до кои се обратил, подносителот поднел тужба по која бил заведен управен спор по кој постапил Управен суд и било донесено Решение со кое се отфрла неговата тужба како неуредна.

- На 25.10.2019 година, по основ на донесеното Решение на Управниот суд, од страна на подносителот на пријавата, бил поднесен приговор до претседателот на Управниот суд и била вложена жалба до Виш управен суд на РСМ, а на ден 08.11.2019 година била доставена претставка и до Судскиот Совет на РСМ.

Врз основа со погоре утврдената фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека во конкретниот случај станува збор за постапка во која подносителот смета дека му било повредено правото од работен однос, од негова страна биле искористени сите правни лекови понудени во постапката односно, тој се обратил до соодветни надлежни органи во РСМ кои постапиле по неговите обраќања и согласно своите надлежности донеле акти по однос на предметниот случај. Со оглед на констатираното, како и имајќи предвид дека за конкретниот случај постапиле и постапуваат други надлежни органи во РСМ, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека нема основа за нејзино надлежно постапување во предметниот случај.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 21 мај 2020 2020 година под бр. 12- 5606/2**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Катица Николовска**

Доставено до : Архива и Подносител
По заклучок на ДКСК, Изработил: Јасминка Цветковска, советник
Одобрил : Софка Пејовска Дојчиновска ,член на ДКСК